НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
Бр. 04-426/21
04.07. 2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 77 – ж од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), член 13 став 2 точка 18 од Статутот на НУ „Македонски народен театар" – Скопје – Пречистен текст бр. 02-347 од 05.04.2016 година и Записник бр. 04 – 426/20 од 03.07.2018 година, а во врска со Одлука за објавување оглас 04- 426/1 од 13.06.2018 година и оглас бр. 04-426/2 од 13.06.2018 година, се донесува следната:

**ОДЛУКА ЗА ИЗБОР**
**на работници по пат на јавен оглас**

1. По јавниот оглас бр. 04 – 426/2 од 13.06.2018 година за вработување на две лица на определено време до 31.12.2018 година на работно место Актер четврта група со шифра КУЛ 03 04 А06 001, категорија А – уметници, ниво А6, објавен на 14.06.2018 година во дневните весници Нова Македонија, Вечер и Лајме, во службата на Даватели на јавни услуги се избираат следните кандидати:
    - Благој Веселинов;
    - Кирил Поп Христов;
2. Врз основа на оваа Одлука, ќе се донесат решенија за вработување и со избраните кандидати од точка 1 од оваа Одлука ќе се потпишат договори за вработување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

***ОБРАЗЛОЖЕНИЕ***

Врз основа на Согласност од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства за вработување на две лице на определено време до 31.12.2018 година на работно место Актери четврта група со бр. 03 – 363 од 21.05.2018 година е донесена Одлука за објавување на јавен оглас бр. 04- 426/1 од 13.06.2018 година. Врз основа на Одлуката е објавен јавен оглас на 14.06.2018 со број 04-426/2 од 13.06.2018 година во дневните весници „Лајме", „Вечер" и „Нова Македонија". По огласот, во Архивата на НУ „МНТ" беа доставени вкупно петнаесет пријави. Комисијата формирана со решение бр. 04-426/18 од 02.07.2018 година, изврши административна селекција и проверка на веродостојност на доказите како и аудиција, по што му поднесе записник со предлог за избор до Директорот на НУ „МНТ" со број 04-426/20 од 03.07.2018 година.
Имајќи го предвид горенаведеното, Директорот одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

***Правна поука***: Против оваа Одлука, незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Управниот одбор на НУ „МНТ" во рок од 8 дена од приемот на истата.

*В.д. ДИРЕКТОР,*
Симона Угриновска

Доставено до:
- Кандидатите;
-Веб страна и Архива на НУ „МНТ".